[redacted] 23.01.2024

( Образец ПП……)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Државен инспекторат за земјоделство
Inspektorati shtetëror për bujqësi
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 23.01.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 103/1 | | |

**До: Државен инспекторат за земјоделство**
**Сектор за а фитосанитарна политика**
**(имател на информацијата)**

## Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Потребни се информации за спроведувањето на Програмата за фитосанитарна политика за 2023 година и тоа:

1. Број на земени мостри за испитување на семенски и меркантилен компир,
2. Број на земени мостри за испитување на овошни и лозови видови,
3. Број на земени мостри за испитување на тутун,
4. Број на земени мостри за испитување на градинарски, полјоделски, украсни и шумски видови,
5. Број на земени мостри за испитување на семенски и саден материјал во расадници.
6. Број на испитани болести и штетни организми (закон за здравје на растенија)
7. Број на евентуално пронајдени болести и штетни организми, назив на истите и како постапиле надлежните инспектори
8. Реализација на мониторингот за употреба на фитофармацевтски производи и резидуи од фитофармацевтски производи во примарното растително производство, односно број на земени мостри, број на позитивни мостри каде има покачено ниво на резидуи и што е превземено од страна на надлежните инспектори.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- **б) препис**
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта

- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ___________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 17.01.2024 година .** [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

# Република Северна Македонија
## Државен инспекторат за земјоделство

**Архивски број: 03-103/2**
**Датум: 15.02.2024 год**

ДО: Наташа Јакимовска

Врз основа на член 20 и 21 од Закон за слободен пристап на информации од јавен каратер, Државниот инспекторат за земјоделство го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ УСВОЈУВА** Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер со наш број 03-67/1 од 17.01.2023 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Државниот инспекторат за земјоделство на ден 23.01.2024 година од Ваша страна доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-103/1, со кое барате да Ви се доставаат информации за спроведување на Програмата за фитосанитарна политика за 2023 годин.

Државниот инспекторат за земјоделство, во законски предвидениот рок, во прилог на ова Решение Ви го доставува Одговорот на Барањето за пристап до информации од јавен карактер.

Бидејќи Вашето барање е законско и целосно, а притоа Државниот инспекторат за земјоделство ги поседува бараните информации, Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер целосно се усвои.

**Правна поука**: Против ова Решение, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер.


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk

# Република Северна Македонија
## Државен инспекторат за земјоделство

**Архивски број: 03- 103/2**
**Датум: 14.02.2024 година**
**До: [redacted]**
**Предмет: Пристап до информации од јавен карактер**

Почитувана,

Во однос на Вашето барање за пристап на информации од јавен карактер со арх.бр. 03-103/1 од 23.01.2024 година во однос на Програмата за фитосанитарна политика за 2023 година, Ве информираме за следното:

| Фитосанитарен мониторинг | Број на земени мостри |
|---|---|
| Фитосанитарен мониторинг на семенски и меркантилен компир | 577 |
| Фитосанитарен мониторинг на овошни видови и винова лоза | 430 |
| Фитосанитарен мониторинг на градинарски култури, полјоделски култури, украсни и шумски растенија | 101 |
| Фитосанитарен мониторинг на семенски и саден материјал во расадници | 270 |
| Фитосанитарен мониторинг на тутун | 32 |

Согласно Законот за здравје на растенијата во текот на 2023 година испитано е присуство на штетните организми наведени во Програмата за фитосанитарна политика и земени се вкупно 1.410 мостри при што не е утврдено присуство на регулирани штетни организми.

Во однос на реализацијата на Мониторинг за употреба на фитофармацевтски производи и резидуи од фитофармацевтски производи во примарно растително производство, земени се вкупно 60 мостри и притоа не утврдено е присуство на фитофармацевтски производ во количина повисока од максималното дозволено ниво на резидуи, ниту присуство на резидуи на неодобрен фитофармацевтски производ.

Со почит,

**ВД Директор на Државниот инспекторат за земјоделство**

**М-р Јане Станкоски**

Изработил: БТ